**Коментари на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование**

Како што е наведено во објаснувањето на потребата од промена на Законот за основно образование во самиот Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование, измените и дополнувањата се вршат со цел еднаков пристап до образование и спречување на сегрегација во училиштата врз основа на расно или етничко потекло. Затоа предлагаме во текстот на законот наместо зборовите „физичко одделување" да се користи терминот сегрегација, и тоа:

**Член 1**

„Се забранува дискриминација и сегрегација на ученици врз дискриминаторска основа при запишување и формирање на паралелки во основните училишта, согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација"

**Член 7**

„Општината е должна утврдувањето на реонот на училиштата да го прави на начин со кој се спречува и надминува сегрегацијата на учениците Роми"

„Основното училиште не може да запише ученици од друг регион или друга општина ако запишувањето на учениците доведува до дискриминација и сегрегација на ученици Роми, согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација"

Коментарот за користење на терминот сегрегација се однесува на целиот Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование, вклучително и на сите можни дополнителни измени кои понатака може да бидат додени во Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование.

**Предлагаме да се користи директно терминот сегрегација** наместо зборовите физичко одделување затоа што терминот сегрегација во европската пракса се поврзува со состојбата на учениците Роми, ја изразува целосната состојба на не само физичко одделување, туку ги истакнува и побудите поради кои се случува сегрегацијата, односно присутноста на расизам и дискриминација според етничка припадност. Со користење на терминот сегрегација се дава можност правната фела да стекне европска пракса и да го користи и препознае терминот сегрегација не само во областа на образованието, туку и во другите области.

**Дополнително, предлагаме да се користи терминот сегрегација поради тоа што:**

1. Во самиот Предлог закон (делот на објаснување) е директно содржан зборот сегрегација, и тоа во вкупно 6 наврати каде се наведува и примена на терминот "сегрегација" и од страна на Народниот правобранител и од страна на Комисијата за заштита од дискриминација;
2. Народниот Правобранител во сите свои извештаи за состојбата со сегрегација на децата Роми го користи терминот сегрегација и тоа и текстот на извештаите, како и во насловите на информациите во врска со состојбата на сегрегацијата;
3. Нашиот законски систем веќе го познава терминот сегрегација, и тоа дефинирана во член 12 од Законот за спречување и заштита од дискриминација како: физичко

одделување на лице или група на лица врз дискриминаторска основа без легитимна или објективно оправдана цел;

4. Членот 3 од овој предлог закон се повикува на Законот за спречување и заштита од дискриминација, меѓутоа не го користи теминот сегрегација кој, како што е наведено, е објаснет во Законот за спрелување и заштита од дискриминација;
5. Стратегијата за инклузија на Ромите 2020-2030 исто така го користи терминот сегрегација;
6. Генералната препорака број 13 од Европската Комисија против расизам и нетолеранција на Советот на Европа усвоена на 24ти јуни 2011 година, во препораките под делот образование на државите членки им препорачува да превземат мерки, законски и политички против сегрегација во училиште на децата Роми и истите да ги интегрираат во училишта со мнозинска популација – што значи дека имаме користење на термин сегрегација[1];
7. Последниот Извештај на Европската Комисија за Северна Македонија, како и предходните извештаи нотираат дека „сегрегацијата во училиштата останува значителен проблем“ – што значи дека повторно имаме користење на терминот сегрегација[2] и
8. Самата пресуда на Европскиот Суд за човекови права на која се повикува Предлог Законот го користи терминот сегрегација и има развиено долгогодишна практика на користење на терминот сегрегација, особено во случаеви кои се однесуваат на ученици Роми

Со почит,

Институт за истражување и анализа на политики

Ромалитико, Скопје

[1] Види на https://www.coe.int/en/web/european-commission-against-racism-and-intolerance/recommendation-no.13

[2] Види на https://www.sep.gov.mk/post/?id=5657